ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Општина Тетово

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2021 година_ Сметка на основен буџет (630)

**Цел на ревизијата:**
Дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со законската регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**
- постојат слабости при спроведување на процесот на буџетирање и реализацијата на планираните приходи и расходи со Буџетот;
- Одлука за прогласување на финансиска нестабилност на општината не е донесена иако општината подолг временски период ги исполнува условите за прогласување на финансиска нестабилност;
- пазарната вредност на целиот недвижен имот на територијата на општината не е ажурирана;
- општината користи плаќања со пресметка и покрај блокираната сметка.

**Издадено мислење*:**

Изразивме неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај, како и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни препораки:**
-планирањето на буџетските приходи и расходи да се темели на реалните состојби и можности, историски податоци и податоци за остварувања во претходните години;
-да се донесе одлука за прогласување на финансиска нестабилност на општината;
-целосно ажурирање на регистарот на недвижен имот кој подлежи на оданочување;
-да се напушти воспоставениот начин на вршење на платниот промет и да се обезбеди рамноправна положба на доверителите.

**Клучни системски слабости:**
- не воедначена судска практика при толкувањето на член 218 од Закон за извршување;
- нецелосен увид во наплатата и потврдувањето на приходот по основ на комунална такса што се плаќа при регистрација на возила и комуналната такса за користење и одржување на јавно осветлување.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**
Добиени се забелешки на Нацрт извештајот од страна на одговорното лице на Општина Тетово.

**Одговор на добиени забелешки:**
Забелешките се разгледани при што две од нив претставуваат известување, а една образложение за преземени активности на општината.

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков“, П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov“, rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk